СТРУМИЦА

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

## ОПШТИНА СТРУМИЦА

## 2023-2027

ОПШТИНА СТРУМИЦА
2023-2027

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА 2023 – 2027

**АВТОР И ДИЗАЈН:**

**Центар за истражување и анализи НОВУС**

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ……………………………..
2. СПИСОК НА КРАТЕНКИ И ИЗРАЗИ……………………………………………….
3. ЗА СТРАТЕГИЈАТА……………………………………………………………….
4. МЕТОДОЛОГИЈА…………………………………………………………………
   4.1. ВКЛУЧЕНОСТ ВО ПРОЦЕСИ……………………………………………………
   4.2. ЛИСТА НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ……………………………………………….
   4.3. ЧЕКОРИ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА…………………………….
5. МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА…………………………………………….
6. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ…………………………………………………………
7. ВИЗИЈА И МИСИЈА…………………………………………………………………
8. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ………………………………………………………….
   8.1. МЛАДИНСКО УЧЕСТВО, ИНФОРМИРАЊЕ И МЛАДИНСКА РАБОТА ...
   8.2. КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ…………………………………………………
   8.3. МЛАДИ НА ПАЗАР НА ТРУД ………………………………………………………..
   8.4. КУЛТУРА И УМЕТНОСТ ………………………………………………………….
   8.5. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ………………………………………………….
   8.6. ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА …………………………………………………..
   8.7. ЧИСТА И ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА ………………………………….
9. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА…………………………………………………….
10. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА………………………………………………………….

## 1. ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

**Струмица - општина по мерка на младите и општина со младешки дух**



Тоа е стремежот на Општина Струмица, како дел од визијата за креирање политики кои гарантираат прогрес и убава иднина на нашата општина и насите нејзини граѓани. Резултат од таквата заложба е: „Локална стратегија за млади на општина Струмица, 2023-2027“, како документ-патоказ за унапредување на младинските политики и интересите на младите од нашата општина.

Ова „четиво“ е во функција на јакнење на позициите на младите во заедницата и општеството, преку нивно активно вклучување во општинските процеси на дејствување. Социо-економската интеграција на младите во тие процеси, подразбира партиципативен влог на младинските политики во севкупните политики на општината, преку кои се проектира понатамошниот развој на општина Струмица. За сето тоа е потребно нераскинливо и креативно партнерство на Општината и младите, како и соработка со здруженијата кои ги третираат интересите на младата популација. Секој дијалог тежи повеќе од монологот, па затоа негувањето и унапредувањето на таа комуникација ги дава посакуваните резултати. Во тој поглед, Општина Струмица треба да биде урнек за многу единици на локалната самоуправа во државата.

Поаѓајќи од моите гледишта дека младите треба да бидат наша инвестиција и значаен човечки ресурс за креирање модерна и убава општина, убеден сум дека „Локалната стратегија за млади на општина Струмица, 2023-2027“ нуди сеопфатни решенија со цел младите да бидат активни граѓани, важни двигатели и мотори на промените, во создавањето просперитетна и европска Струмица.

Благодарам, млади струмичани, што сте дел од нас!

**Општина Струмица**

**Градоначалник,**

**Костадин Костадинов**

____________________________

## 2. СПИСОК НА КРАТЕНКИ И ИЗРАЗИ

| | |
|---|---|
| **ЕЛС** | Единица на локална самоуправа |
| **СО** | Совет на Општина |
| **МО** | Младинска организација |
| **ОМ** | Организација за млади |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **СЕ** | Совет на Европа |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СВОТ** | Анализа на јаки и слаби страни, можности и закани |
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **ВРСМ** | Влада на Република Северна Македонија |
| **АП** | Акциски план 23/24 |
| **ЗМУМП** | Закон за младинско учество и младински политики |
| **ЗЕЛС** | Здружение на единици на локална самоуправа на Република Северна Македонија |
| **НСМ** | Национална стратегија за млади |
| **ЛСМ** | Локална стратегија за млади |

**МЛАДИ** - Социо-економска категорија на населението во Република Северна Македонија на возраст од 15 до 29 години.

**МЛАДИНСКО УЧЕСТВО** - Процес што им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми што директно или индиректно го обликуваат животот на младите.

**МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ** - Збир на мерки и активности што се преземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал.

**МЛАДИНСКА РАБОТА** - Организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата.

**ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ** - Стратешки документ со кој, во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално

ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

**МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА** е секоја организација којашто е регистрирана во согласност со Законот за здруженија и фондации, во која највисокото тело на одлучување е составено од најмалку две третини млади лица на возраст од 15 до 29 години и чиишто цели и активности се дефинирани и насочени кон унапредување на интересите на младите.

**ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МЛАДИ** е секоја регистрирана организација во согласност со Законот за здруженија и фондации, којашто не е водена од млади или е подмладок на политичка партија, младинска секција во синдикат организирана како дел од другправен субјект, чијшто дел од програмските цели и активности се насочени кон унапредување на интересите на младите.

**МЛАДИНСКИ ЧАДОР ОРГАНИЗАЦИИ** се организации во кои членуваат формите на младинско организирање што се обединуваат заради остварување заеднички цели во специфични области од интерес на младите.

**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА** е заедница на жители на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон.

## 3. ЗА СТРАТЕГИЈАТА

Општина Струмица, како пријател на младите луѓе и место каде што младите ја градат сегашноста и иднината, донесе Локална стратегија за млади 2023 - 2027 година со кои се утврдени краткорочни, среднорочни и долгорочни цели и дефинира приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите во општина Струмица, а се втемелени и организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

Локалната стратегија за млади јасно и недвосмислено го утврдува патоказот каде ќе бидат позиционирани младите од општина Струмица, но и силно ги афирмира заложбите за што поголема вклученост на младите во процесите на донесување одлуки, креирање политики и задоволување на нивните потреби. Општина Струмица е силен партнер на младите луѓе и низ годините гради прогресивна средина каде што младите можат да се реализираат себе, своите идеи и иницијативи и тие се промената во заедницата каде што живеат.

Оваа локална стратегија за млади ги опфаќа сите релевантни проблеми на младите, прецизно ги детектира слабостите, но и нуди квалитетни и сеопфатни решенија со цел, младите да бидат активни граѓани, мотори на промените, да бидат гласни и да бидат двигатели во создавање модерна и европска Струмица.

Целта на овој стратешки документ којшто е изработен заедно со Младинската организација “Центар” за истражување и анализи НОВУС, со поддршка од општина Струмица, преку инклузивен, партиципативен и транспарентен начин е да понуди функционалност и просторна интеграција на младите, како и продлабочување на начинот на вклучување на младите во локалната заедница со зголемување на соработката и информираноста помеѓу општината, училиштата, граѓанските организации и младите во насока на поттикнување на социо-економското вклучување на младите во младинските политики на општина Струмица.

„Локалната стратегија за млади на Општина Струмица 2023-2027“ е резултат на таа заложба и се однесува на соработката на Општината со сите засегнати страни од локалните политики за млади и има за цел да обезбеди инклузивен процес и учество на граѓанскиот сектор во процесите на дефинирање на развојните активности и иницијативи на Општина Струмица во областа на младите, како и да создаде предуслови за креирање ефикасни партнерства.

Понудената методолошка рамка, инструментите, националните и европските практики, како и инклузивниот пристап, овозможија подготовка на локална стратегија за млади со мапирани приоритети во точно определени периоди за да се постигнат сеопфатни, ефикасни и одржливи решенија што во фокусот ќе го имаат интересот на младите и нивните потреби.

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА

Изработката на Локалната стратегија за млади на Општина Струмица 2023 - 2027 бара методолошка рамка преку којашто ќе се обезбедат релевантни и веродостојни информации во врска со позицијата, проблемите, перцепциите, ставовите и верувањата на младите луѓе од Општина Струмица. Интервјуата, анкетите и анализите на тековните ситуации се користат како методолошки инструменти во детерминирањето на перцепциите за младите и предизвиците што тие ги имаат во нивното секојдневно делување и живеење.

Во спроведувањето на методологијата се користеа следните механизми:

**1. Анализа на национална и меѓународна легислатива**

**2. Онлајн анкетни прашалници со структуирани прашања за млади**

**3. Онлајн анкетни прашалници за форми на младинско организирање (младински организации, организации за млади, политички подмладоци, неформални групи), носители на одлуки на локално ниво и други локални чинители**

**5. Работилници**

**6. Тркалезна маса**

**7. Синтеза на собраните податоци од истражувањето**

Покрај овие методолошки инструменти, процесот на подготовка на Локалната стратегија за млади на Општина Струмица се базира и на **Истражувањето за младински трендови 2022**[1] спроведено за потребите на Агенцијата за млади и спорт (АМС) и процесот на подготовка на новата **Национална стратегија за млади 2023 - 2027**[2], **Законот за младинско учество и младински политики**[3], **Програмата за работа на Општина Струмица**[4]**,** но исто така се земени предвид препораките предвидени во **Европската стратегија за млади 2019 - 2027 (EU Youth Strategy 2019 – 2027)**[5], **целите за одржлив развој на Обединетите Нации**[6]**,** но и **11 Европски младински цели (EU Youth Goals**[7]).

---

[1] https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/istrazhuvane-ams-2022.pdf

[2] https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/nsm-23-27_draft.pdf?fbclid=IwAR1IR_mkHA7E2HvUthIMHoMnPBNhytVVZBxQDEy3ksxGBIunQXEP5yOcpzM

[3] http://www.slvesnik.com.mk/Issues/862649465cf4432aadcb4119f52bfd81.pdf#page=4

[4] https://strumica.gov.mk/

[5] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=OJ:C:2018:456:FULL&from=EN

[6] https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs

[7] https://youth-goals.eu/wp-content/uploads/European-Youth-Goals_MKD.pdf

Дополнително, при изготвувањето на Локалната стратегија за млади беа земени предвид и националните легислативи и стратешки документи, како што се:

-Закон за средно образование[8]
- Закон за високо образование[9]
- Закон за ученички стандард[10]
- Закон за студентски стандард[11]
- Закон за практикантство[12]
- Закон за волонтерство[13]
- Закон за младински додаток[14]
- Закон за субвенциониран студентски оброк[15]
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност[16]
- Закон за здруженија на граѓани и фондации[17]
- Национална стратегија за вработување 2021 - 2027[18]
- Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот[19]
- Програма за работа на Влада на Република Северна Македонија 2022 - 2024[20]
- Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година[21]
- Национална стратегија за унапредување на менталното здравје на Република Северна Македонија[22]

Преку реализирање на методолошката рамка, ќе се постигне повисоко ниво на севкупна функционалност и просторна интеграција на младите, како и продлабочување на начинот на вклучување на младите во локалната заедница со зголемување на

[8] https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20srednoto%20obrazovanie.pdf
[9] https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf
[10] https://mon.gov.mk/download/?f=Zakon%20za%20ucenickiot%20standard_1.docx
[11] https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20studentskiot%20standard.pdf
[12] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/sluzben_vesnik_praktikanstvo_MKD.pdf
[13] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/precisten_tekst_volonterstvo.pdf
[14] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2020/Zakon%20mladinski%20dodadok%2018-2020%20(MKD).pdf
[15] https://www.mf.ukim.edu.mk/sites/default/files/Zakon%20za%20subvencioniran%20studentski%20obrok.pdf
[16] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16,11-%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%9E%D1%81%D0%B8%D0%B3%D1%83%D1%80%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%9D%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82.pdf
[17] https://www.slvesnik.com.mk/Issues/623772ADC92FEE42A1DB496E1E190648.pdf
[18] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf
[19] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_ednoopshtestvo_29.10.2019.pdf
[20] http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programa_na_vladata_2022-2024.pdf
[21] https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf
[22] http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/strategija-za-MZ-2018-2025-170718-pf-1.pdf

соработката и информираноста помеѓу општината, училиштата, граѓанските организации и младите во насока на поттикнување на социо-економското вклучување на младите во младинските политики на Општина Струмица.

Понудената методолошка рамка, инструментите, националните и европските практики, како и инклузивниот пристап ќе овозможат подготовка на локална стратегија за млади каде со мапирани приоритети во точно определени периоди ќе се постигнат сеопфатни, ефикасни и одржливи решенија, коишто во фокусот ќе го имаат интересот на младите и нивните потреби.

## 4.1 ВКЛУЧЕНОСТ ВО ПРОЦЕСИТЕ

Локалната стратегија за млади на Општина Струмица 2023 - 2027 и акцискиот план за 2023/2024 како основен патоказ за младите луѓе од Општина Струмица со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и се унапредуваат интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување, ќе ги вклучи најважните и релевантни чинители, локалните авторитети, формите на младинско организирање во согласност со ЗМУМП, локалниот младински совет, службеникот за млади, спортски, културни и зелени организации, средни и основни училишта, медиуми, активисти и други релевантни чинители.

## 4.2 ЛИСТА НА КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ

Преку оваа методолошка рамка, а со цел сеопфатност, инклузивност и партиципативност во рамките на Локалната стратегија за млади на Општина Струмица 2023 - 2027 се вклучени следните чинители:

- Млади на возраст од 15 до 29 години;
- Единица на локална самоуправа (градоначалник и Совет на Општина Струмица);
- Младински организации;
- Организации за млади;
- Професионални организации;
- Средношколски организации и неформални групи;

- Подмладоци на парламентарни политички партии;
- Струмичка бизнис заедница;
- Спортски, културни и зелени организации;
- Медиуми;
- Основни и средни училишта;
- Подрачни единици на органи на државна управа;
- Лица со посебни потреби и ранливи категории граѓани;
- Индивидуалци и експерти во полето на млади и политики за млади;
- Граѓански активисти и други организации.

## 4.3. ЧЕКОРИ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА

### I. Анализа на национална и меѓународна легислатива

Преку овој инструмент се направи анализа на националните и меѓународните документи во рамките на младинските политики. Како важен чекор за креирање сеопфатна стратегија се изготви компаративна анализа и се согледаа сите аспекти при дефинирање на приоритетите со цел, тие да бидат хармонизирани и да се поистоветуваат со националните приоритети и меѓународни стандарди.

### II. Изработка и спроведување онлајн анкетни прашалници со структуирани прашања врз основа на репрезентативен примерок за Општина Струмица

Врз основа на претходна анализа и утврдување репрезентативен примерок на млади во Општина Струмица, се спроведе онлајн анкетен прашалник. Тој беше креиран во координација со Општина Струмица. Се собраа вкупно 260 одговори од млади од Општина Струмица, од кои, за да биде запазена репрезентативноста на податоците, беа избрани **180 одговори** по случаен избор, следејќи ги демографските карактеристики во однос на возраста на учесниците. Од одговорите добиени од учесниците на онлајн прашалникот се собраа релевантни информации за перцепцијата на младите и нивните потреби. Дистрибуцијата на анкетните прашалници беше електронски преку изработка на формулар во Google Forms и таа беше споделена преку каналите за комуникација, во

согласност со комуникацискиот план. Пристапот до одговорите од анкетните прашалници го има ЦИА НОВУС и службеникот за млади од Општина Струмица. Анкетните прашања ги земаа предвид етничката, географската, образовната, возрасната и еднаквата застапеност помеѓу мажи и жени, а се стави фокус и на ранливите групи млади. Прашалниците се спроведуваа само на македонски јазик како официјален јазик закомуникација на ниво на Општина Струмица.

## III. Анкетни прашалници за претставници на форми на младинско организирање и локални авторитети

Беа изработени полуструктуирани прашалници и тие се дистрибуираа до формите на младинско организирање (младински организации, организации за млади, политички подмладоци, неформални групи) и до локалните авторитети за да се приберат дополнителни информации што се користеа во процесот на креирање на Локалната стратегија за млади. Преку овие прашалници засегнатите страни го искажаа своето мислење за проблемите со кои се соочуваат и предложија соодветни решенија што беа земени предвид при креирање на оваа Стратегија. Потоа се реализираше средба со претставници на Општината и локалните институции кои допираат прашања од младински аспект или, пак, работат директно со младински прашања од која било област, како би можело да се слушне и мислењето на претставниците на институцијата за најрелевантните младински предизвици и проблеми.

## IV. Организирање две работилници

Преку организирање две работилници се овозможи дискусија и искажување ставови на целните групи, за младинските прашања и потреби на младите во секоја од приоритетните области. Пријавувањето за работилниците беше преку пополнување електронски формулар и директно контактирање, со дефинирани критериуми за учество. Преку спроведувањето на работилниците се собраа релевантни информации врз основа на кои се дефинираа мисијата и визијата, се утврдија стратешките цели, мерките и активностите во приоритетните области. На работилниците учествуваа вкупно 86 млади, од кои 37 млади на првата работилница што се одржа на 7.11.2022 и 49 млади на втората работилница што се одржа на 17.11.2022 година.

## V. Јавни консултации и структурен дијалог

По завршувањето на работилниците и утврдените наоди од онлајн истражувањето, се пристапи кон креирање прва верзија на Стратегијата којашто беше доставена до локалните авторитети, општината и Советот на мислење или за евентуално надополнување или корекции.

## VI. Организирање тркалезна маса за презентација на Локалната стратегија за млади на Општина Струмица 2023-2027 и Акциски план за 2023/2024

На 17.3.2023 беше организирана тркалезна маса за презентирање на Локалната стратегијта за млади и Акцискиот план за 2023/2024 година пред сите инволвирани страни. На овој настан којшто беше од отворен тип, сите заинтересирани млади, претставници на форми на младинско организирање, институции и др. беа во можност да дадат коментари за драфт текстот на Локалната стратегија за млади и драфт Акцискиот план, по што се премина на изготвување на финалниот текст којшто беше доставен до Општината.

# 5. МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

**„Струмица е стар град со младински дух. Струмица е мал град, но со големо срце кое чука во ритамот на младоста. Струмица ја гледа иднината преку очите на младите луѓе.“**

Општина Струмица се наоѓа во Југоисточниот плански регион и ја сочинуваат 25 населени места со површина од 321,89 км$^2$. На исток се граничи со Општина Босилово, на запад со Општина Конче, на север со Општина Василево, на југоисток со Општина Ново Село, а на југозапад со Општина Валандово.

Во согласност со дефиницијата за млади, утврдена во ЗМУМП, млади лица се на возраст од 15 до 29 години и базирајќи се на последните резултати спроведени од пописот во 2021 година[23] во Општина Струмица живеат 49.995 жители во 17.400 домаќинства и 24.621 станови. Од нив 8.270 се млади лица на возраст од 15 до 29 години од кои, 4.111 се мажи, а 4.159 се жени. Во однос на етничката припадност, во Општина Струмица живеат 38.939 Македонци, 22 Албанци, 3.927 Турци и 218 Роми.

Во однос на работоспособноста, во Општина Струмица се утврдени 8.270 млади од кои, 4.111 се мажи, а 4.159 се жени. Активното население - вработени од 15 до 29 години е 3.487 млади или 42% од вкупниот број млади, од кои 85% се вработени, а 15% се невработени.

Во однос на ранливите категории граѓани, во Општина Струмица вкупното население со попреченост изнесува 1.579, од кои, млади се 1% .

Со Локалната стратегија за млади се опфатени клучните области преку коишто ќе се подобри квалитетот на животот на младите луѓе и ќе ја позиционира Струмица како општина пријател на младите каде што младите се сегашност, но и иднина. Во стратегијата се дава акцент на:

1. Младинско учество, информирање и локална младинска работа;
2. Квалитетно образование;
3. Младите на пазарот на трудот;
4. Култура и уметност;
5. Спорт и рекреација;
6. Здравје и благосостојба;
7. Здрава животна средина.

Во понатамошниот дел од овој стратешки документ, детално се разработени стратешките области што придонесуваат кон подобрување на квалитетот на животот и позицијата на младиот човек во Општина Струмица. Преку Локалната стратегија за млади, овие приоритетни области севкупно ќе придонесат кон поттикнување на младите активно да учествуваат во општинските политики низ афирмација и поддршка на младинските активности, работа, неформалното образование и развивање на претприемничките вештини.

[23] https://popis2021.stat.gov.mk/

# 6. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ

Локалната стратегија за млади на Општина Струмица се засновува и ги афирмира следните принципи и вредности:

- **Еднакви можности и недискриминација**

Младите луѓе во Општина Струмица имаат еднакви права и можности во процесите на донесување одлуки и креирање политики, во законите и еднаков пристап до ресурси и услуги во рамките на заедниците и во општеството. Младите луѓе во Општина Струмица се еднакви креатори на можностите и преку овој документ и врз основа на националните и меѓународните документи, се забранува дискриминација врз отворена низа одлики, како што се: полот, расата, бојата на кожата и друго.

- **Мултикултурализам**

Младите луѓе во Општина Струмица и сите носители на одлуки ја препознаваат културната разновидност во сите области и го промовираат правото на оваа разновидност, толеранција, како и афирмација на уметничките и креативните пристапи насочени кон негување и развивање на меѓукултурниот дијалог меѓу младите.

- **Активно учество**

Младите во Општина Струмица ги уживаат сите права, можности, средства, безбедни простори и алатки за вклучување во процесите на донесување одлуки и во градење општество по нивна мерка.

- **Солидарност и инклузија**

Општина Струмица гради инклузивно и општество коешто се засновува на заедничко почитување и солидарност, со еднакви можности и квалитетни услови за живеење на младите луѓе. Младите создаваат чувство на припадност во заедницата, со заеднички идентитет и споделени вредности, што подразбира и вклучување на лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење.

- **Соработка и партнерство**

Општина Струмица е силен и докажан партнер на младите каде што се обезбедува слобода на здружување и соработка со врсниците и се поттикнува меѓугенерациската соработка на локално, национално и на меѓународно ниво.

- **Иновација**

Општина Струмица ги поддржува младите да бидат иновативни, креативни и двигатели на нови позитивни трендови. Општина Струмица е место каде што напорната работа и квалитетот на младите се наградени и се насочени кон создавање модерна заедница.

- **<u>Одговорност и отчетност</u>**

Општина Струмица гради систем на одговорност и ги поттикнува и останатите носители на одлуки и оние коишто работат со млади да користат таков систем. Општината има развиен систем на отчетност и во партнерство со младите, го надоградува и обезбедува уште поголема видливост за младите.

- **<u>Транспарентност и јавност</u>**

Општина Струмица промовира високо ниво на транспарентност, јасност и јавност на информациите со кои располага и со услугите што ги нуди. Општината обезбедува јавност во насока на препознавање на проблемите и потребите на младите од страна на целокупната локална заедница.

## 7. ВИЗИЈА И МИСИЈА

**ВИЗИЈА:** Општина Струмица - Европска младинска престолнина, град, секојдневен пријател на младите и расадник на нивните идеи и современи сфаќања, град каде што секој млад е подеднакво важен. Општина Струмица - општина каква што посакуваат сите млади луѓе!

**МИСИЈА:** Младите се двигатели на промените во Општина Струмица, а нивната иновативност и креативност се клучни за културниот и социо-економскиот развој.

# 8. ПРИОРИТЕНИ ОБЛАСТИ

## 8.1. Младинско учество, информирање и младинска работа

Во согласност со Законот за младинско учество и младински политики, младинското учество се дефинира како процес којшто им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми коишто директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Но, за да се случи тоа, општината мора да демонстрира дека има демократски капацитет, остава и креира простор младинскиот глас да допре до нив и да ги земе предвид мислењата и идеите на младите и да ги имплементира.

Правото на информирање е основно човеково право. Од голема важност е младите да добиваат квалитетни и навремени информации, со разбирлива и адаптирана содржина на јазик разбирлив за нив, преку еден систем и без дополнителни компликации со цел тие информации да им помогнат да го реализираат својот потенцијал и да бидат активни граѓани во општеството.

Младинската работа претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата. Главен предизвик за исполнување на мисијата иафирмација на младинската работа е градење младинска инфраструктура што ќе им овозможи на младите луѓе да ги реализираат своите цели, проекти и идеи и да имаат сопствен простор каде што ќе може квалитетно да го поминуваат своето слободно време.

**Стратешка цел 1 - Зголемено младинско учество во процеси на донесување одлуки на локално ниво во урбани и рурални средини**

Мерка 1. Воспоставување механизми за локално младинско учество и градење капацитети на младите за активно граѓанство

Мерка 2. Поттикнување на младинско организирање во рурални средини

Мерка 3. Валоризација на волонтерска и практикантска работа

**Стратешка цел 2 - Зајакната критичка мисла кај младите и унапреден пристап до навремени и квалитетни информации**

Мерка 1. Градење капацитети на младите за медиумска и дигитална писменост со цел развивање критичка мисла

Мерка 2. Дигитализација и унапредување на двонасочната комуникација помеѓу општината, локалните институции и младите

**Стратешка цел 3 - Изградена инфраструктура и овозможена средина за развој на младинска работа**

Мерка 1. Изградба на безбедни простори за реализирање младинска работа како организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите

Мерка 2. Обезбедување средства за поддршка на програми за младинска работа и неформална едукација за поддршка на автентичен развој на младите со цел, остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал

Мерка 3. Интензивирање на соработката на локално ниво помеѓу релевантните чинители коишто работат со млади (младинските центри, граѓанските организации, образовните установи, спортските клубови, единиците на локална самоуправа и др.)

## 8.2. Квалитетно образование

Образованието и пристапот до квалитетно образование игра клучна улога во градењето прогресивни општества каде што младите ќе бидат центарот на сите случувања. Преку образованието целосно се менува животот на младите, но од друга страна, тоа отвора нови предизвици, потенцијали и развој и ги прави младите да бидат самоуверени, критични и силно интегрирани во процесите на донесување одлуки. Клучно за младите е да им се овозможи лесно, пристапно, но и квалитетно образование.

Во општина Струмица постојат доволен број образовни институции (основни и средни училишта), но сепак бројот на ученици континуирано се намалува, а исто така е намален и наставниот кадар. За младите да се здобиваат со знаење, многу е важно континуирано да ги градат своите капацитети преку формално и неформално образование. Исто така, за да има напредок во образованието на младите, многу е важно да се следат трендовите при што образовните институции ќе бидат осовремени со унапредена инфраструтура со пристапни рампи за лицата со попреченост и современи техники и методи на учење.

Потребно е реално спроведување на концептот за доживотно учење преку институционално и вонинституционално образование на возрасни (преквалификација и доквалификација) и искористување на можностите за соработка на регионално и меѓународно ниво за трансфер на знаења и користење добри практики како и ЕУ програмите и фондови за образование (ЕУ програми за прекугранична соработка, Еразмус, итн.).

**Стратешка цел 1 - Младите се здобиваат со знаење и стекнуваат практични искуства преку формално и неформално образование**

Мерка 1. Поттикнување на соработка помеѓу бизнис и државниот сектор со училиштата со цел, овозможување пракса за учениците

Мерка 2. Континуирано градење капацитети на воспитно образовниот кадар за унапредување на наставата

Мерка 3. Поддршка на програми за кариерно советување во средните училишта

**Стратешка цел 2 - Младите учат во современи и инфраструктурно опремени образовни објекти**

Мерка 1. Унапредување на инфраструктурата и опремување на образовните објекти

Мерка 2. Обезбедување безбеден пристап до секое училиште за лицата со попреченост

## 8.3 Младите на пазарот на трудот

Младите во општина Струмица се соочуваат со проблеми во делот на вработувањето и во делот на стекнувањето вештини што ќе ги направат поконкурентни на пазарот на труд, како и полесно вработливи. Токму поттикнувањето и охрабрувањето на младите од општина Струмица да се вклучат во процесот за да изградат соодветни лични капацитети за развивање на своите бизнис идеи и да им се овозможат дополнителни можности и еднакви шанси е клучно за да можат тие дома да ја градат својата сегашност и иднина. Со цел задржување на младите, потребно е континуирано креирање политики, соработка и создавање поволна бизнис клима.

Податоците од истражувањата покажуваат дека најголем предизвик со кој се соочуваат работодавачите е неквалификуваниот млад кадар, проблем кој понатаму го поврзуваме со барањата на младите за подобра и поквалитетна практика. Проблемот на усогласување на понудата и побарувачката може да се реши со креирање и имплементирање програми за дуално стручно образование на локално ниво, вмрежување на бизнис заедницата и младите, но и таргетирање на маргинализирани групи млади и НЕЕТ категории млади (млади коишто не се во образование, обука/тренинг или вработени), со цел зголемување на вработливоста и вештините на младите, а со тоа и намалување на невработеноста.

**Стратешка цел 1 - Усогласени понуда и побарувачка на пазарот на труд**

Мерка 1. Анализирање на пазарот на трудот, запознавање на младите со дефицитарните професии и поттикнување поголем интерес за нив

Мерка 2. Овозможување вмрежување помеѓу младите и бизнис заедницата

Мерка 3. Поттикнување инклузија на маргинализираните категории млади на пазарот на трудот и намалување на јазот помеѓу мажи и жени

Мерка 4. Поттикнување на социјално претприемништво за младинско вработување

**Стратешка цел 2 - Младите имаат изградени вештини за поголема конкурентност на пазарот на труд**

Мерка 1. Афирмација на придобивките од претприемништво и стимулирање претприемачки дух кај младите

Мерка 2. Поттикнување развој на дигитални и меки вештини

## 8.4. Култура и уметност

Темата култура и уметност е особено важна за младите во секоја локална заедница, имајќи предвид дека културниот живот на младите е дел од начинот на кој тие водат квалитетен живот и се развиваат во рамките на својата заедница.

Општина Струмица од секогаш била лулка на културните случувања и посакувана културна дестинација со богато културно наследство и со бројни манифестации и настани за сите генерации. Но, сите релевантни фактори на локално ниво мора да работат на уште поголем развој на културата и уметноста, нивна популаризација и промоција, вклучување на младите во градењето политики на ова поле, негување на културните традиции и креирање слободна средина со цел младите уметници да можат слободно да се изразуваат и творат.

Истражувањето спроведено на репрезентативен примерок млади во Општина Струмица покажува дека највисок процент сметаат дека во Општина Струмица треба да има многу повеќе културни манифестации, како што се концерти, изложби, претстави и сл. што ќе бидат наменети за младите. Исто така, истражувањето укажува на потребата од поддршка на младите да можат да творат и културно да се воздигнат, соодветна промоција, поддршка на алтернативната сцена, развој на урбаната култура (графити, урбани танци и улични перформанси), поддршка на авторски дела од младии фестивали што поддржуваат и промовираат млади уметници и изведувачи.

**Стратешка цел 1 - Младите имаат информации и пристап до инфраструктурата од јавен карактер за културно и уметничко творештво**

Мерка 1. Градење инфраструктура од јавен карактер за културно и уметничко творештво што ќе биде лесно достапна за сите млади без разлика на местото на живеење, без разлика на мажи жени, социјален статус, религија, етничка припадност, припадност на маргинализирана група, ментална или телесна попреченост или која било друга основа

Мерка 2. Зголемување на информираноста и заинтересираноста на младите за културните случувања на локално ниво

Мерка 3. Поттикнување развој на програми и проекти во полето на културата и уметноста што ќе поттикнат интерес за култура од најрана возраст

Мерка 4. Градење култура на соживот и толеранција со цел, меѓусебно запознавање и надминување на разликите

**Стратешка цел 2 - Младите се вклучени во креирање културни политики и програми**

Мерка 1. Поттикнување дијалог и соработка помеѓу локалните институции, културните установи и младите

Мерка 2. Зголемување на информираноста и јакнење на свеста на младите за учество во креирање политики и програми од областа на културата

Мерка 3. Поттикнување и поддршка на млади уметници за културно творештво на локално ниво

## 8.5. Спорт и рекреација

Спортот е со долга традиција во општина Струмица. Заедничка обврска на сите е да продолжат по патот на спортските великани и да го трасираат патот на нови таленти кон искачување на нови спортски успеси и достојно претставување на спортска Струмица. Спортот игра важна улога и придонесува кон развој на прогресивно и инклузивно општество, отворено и толерантно и овозможува вистински развој на личноста и здрав начин на живот на што е можно поголем број млади луѓе.

Спортот е одлична алатка за градење мостови помеѓу младите од различни етнички заедници. Преку спортски активности и забавни игри младите најлесно и најбрзо се запознаваат и се спријателуваат. Преку спортот младите учат и за вредностите како фер игра, меѓусебно почитување, отворена комуникација и тимска работа што се важни не само во спортот, туку и во секојдневниот живот. Вваквите позитивни вредности придонесуваат за зајакнување на интеграцијата помеѓу младите. Целта ни е преку спроведување на приоритетните мерки да креираме систем во кој ќе напредува спортот и спортските резултати во Општина Струмица, кој воедно ќе го јакне квалитетот на живот кај младите, ќе овозможува социјална интеракција и вистински развој на млади личности со здрав начин на живот.

**Стратешка цел 1 - Подобрена постоечка и изградена нова инфраструктура за спорт и рекреација**

Мерка 1. Опремување јавни простори за бесплатна физичка активност и спортски активности пристапни и за млади со попреченост

Мерка 2. Обезбедување безбедни, еколошки и економски ефикасни услови за спортување и рекреација во постоечките објекти

Мерка 3. Изградба на современи спортски објекти од отворен и затворен тип

**Стратешка цел 2 - Зголемен интерес за спорт кај млади и олеснет пристап до спортско рекреативни настани**

Мерка 1. Поттикнување на рекреативен спорт

Мерка 2. Развој и унапредување на еднаква застапеност на

мажи и жени во спортот

Мерка 3. Афирмација на истакнати млади спортисти

Мерка 4. Олеснување на пристапот за млади до спортско рекреативни настани

## 8.6. Здравје и благосостојба

Здравјето не е само отсуство на некоја болест, туку многу повеќе состојба на физичка, ментална и социјална благосостојба. За младите луѓе, здравјето е приоритетно, а менталното здравје е подеднакво важно, иако многу често тоа е ставенонастрана. Во целата грижа за менталното здравје подеднаква улога имаат сите вклучени страни. Родителите коишто треба да поминат квалитетно време со своите деца, стручните служби во училиштата коишто соодветно треба да реагираат на сите промени во однесувањето на младите и со тоа да им помогнат. Покрај тоа, многу е важна и политичката посветеност, што значи постојано подобрување на услугите коишто ги нуди државата, а кои се од областа на менталното здравје на младите.

Подобрувањето на условите во примарната здравствена заштита кај младите треба да доведе до здраво работоспособно население и создавање пристојни услови за младите и во урбани и во рурални средини. Како посебна мерка се предвидени подобрени услови за физичко здравје и безбедност. Освен што преку овој приоритет ќе се придонесе кон формирањето здрава млада популација, ќе се овозможи елиминирање и превенција од болести на зависност, намалување на социопатолошките појави и превенција од современи болести.

**Стратешка цел 1 - Подобрени услови за физичко здравје и безбедност во јавниот простор**

Мерка 1. Промовирање здрав живот и одвраќање на младите од никотин, алкохол и бихејвиорални зависности

Мерка 2. Подобрување на инфраструктура за слободно движење во јавниот простор

**Стратешка цел 2 - Подобрена ментална благосостојба на младите**

Мерка 1. Зголемување на свеста за ментално здравје уште од најрана возраст

Мерка 2. Поддршка на програмите и проектите за превенција и справување со врсничко насилство и сајбер врсничко насилство

## 8.7. Чиста и здрава животна средина

Чистата и здрава животна средина е основен аспект на одржливиот развој и благосостојба. Се однесува на средина којашто е ослободена од загадување, отпад и опасности и го промовира здравјето и благосостојбата на сите живи организми. Во денешниот свет, каде што влијанието на човекот врз животната средина е позначајно од кога било претходно, потребата да се зачува и заштити нашата животна средина стана суштинска. Чистата и здрава животна средина е од клучно значење за младите, бидејќи директно влијае на нивното здравје, како и севкупниот квалитет на живот. Здравата средина обезбедува младите да уживаат во активностите на отворено, да дишат чист воздух и да пристапат до чиста вода, што е од суштинско значење за нивниот физички и ментален развој.

За да се создаде чиста и здрава животна средина, од суштинско значење е да се подигне свеста кај младите за важноста на еколошката одржливост. Младите се идните чувари на животната средина и играат витална улога во обликувањето на иднината на светот. Со едукација на младите за важноста на зачувувањето на животната средина, можеме да создадеме генерација на еколошки свесни поединци кои можат да помогнат во заштитата на нашата планета. Со вклучување на младите во еколошките иницијативи, можеме да создадеме чувство на сопственост и одговорност, што може да доведе до позитивни еколошки исходи од корист и за сегашните и за идните генерации.

**Стратешка цел 1 - Младите живеат во здрава животна средина**

Мерка 1. Подобрување на енергетската ефикасност и зголемување на обновливите извори на енергија

Мерка 2. Подобрување на инфраструктурата за активен транспорт

Мерка 3. Подобрување и проширување на инфраструктура за селектирање и рециклирање отпад

**Стратешка цел 2 - Младите имаат високо развиена еколошка свест**

Мерка 1. Зголемување на свеста за заштита на животната средина

Мерка 2. Раззеленување јавни површини и хортикултурно уредување

## 9. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Со цел да се овозможи успешна имплементација на стратегијата и одржливоста, потребно е да се воспостави квалитен систем на мониторинг и евалуација како процес на прибирање податоци за напредокот при реализацијата на поставените цели и мерки, врз основа на претходно поставени индикатори, преку прибирање кредибилни и корисни информации со цел да се одреди вредноста или важноста на преземените јавниполитики за засегнатите страни.

Континуирано и хармонизирано следење на Стратегијата низ призмата на ефективност и ефикасност ја даваат додадената вредност во однос на „вообичаеното" креирање јавни политики и стратешки документи.

Како партнер на младите, Општина Струмица:

- Ќе формира тело составено од 5 членови (службеник за млади во Општината, 1 советник, 2 претставници од форми на младинско организирање и 1 претставник од Локален младински совет) коешто ќе подготви јасен иедноставен план за следење и евалуација на спроведувањето на Стратегијата и тоа тело ќе биде одговорно за следење на Стратегијата.
- На годишно ниво телото ќе изработува сеопфатен извештај и ќе го доставува до Советот на Општината преку кој ќе се информираат за реализиранитеактивности, постигнати цели и предизвици во спроведување на Стратегијата и тој ќе биде објавен на општинската веб-страница и на страниците на формите намладинско организирање.
- Заеднички граѓански форуми и средби со претставници на граѓански организации и форми на младинско организирање што ќе овозможи директно учество во оценка на спроведувањето на Стратегијата.
- Подготовка на едногодишни или двогодишни акциски планови со инклузивен, транспарентен и сеопфатен процес во согласност со целите на Стратегијата.

# 10 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Закон за младинско учество и младински политики, Сл.весник бр.10, 16 јануари, 2020 година
- Закон за средно образование, Сл.весник бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и Сл.весник бр. 229/2020
- Закон за високо образование, Сл.весник бр.82, 8 мај, 2018 година
- Закон за студентски стандард, Сл.весник бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019 и Сл.весник бр. 124/2019
- Закон за ученичкиот стандард, Сл. весник бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018 и 20/2019 и Сл.весник бр. 248/2020 и 302/2020
- Закон за практикантство, Сл.весник бр.98, 21 мај, 2019 година
- Закон за волонтерство, Сл.весник бр. 85/07 и 161/08
- Закон за младински додаток, Сл.весник бр. 18, 27 јануари, 2020 година
- Закон за субвенциониран студентски оброк, Сл.весник бр. 31, 10 февруари, 2020 година
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Сл.весник бр. 37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008; 161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014; 56/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 27/2016 и 119/2016)
- Закон за здруженија на граѓани и фондации, Сл.весник бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016
- Истражување на младинските трендови (2022), Агенција за млади и спорт, линк до документот https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/istrazhuvane-ams-2022.pdf
- Драфт Национална стратегија за млади 2023 - 2027, линк до документот https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/nsm-23-

27_draft.pdf?fbclid=IwAR1IR_mkHA7E2HvUthIMHoMnPBNhytVVZBxQDEy3ksxGBIunQXEP5yOcpzM

- Национална стратегија за вработување 2021- 2027, септември 2021 година, линк до документот https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf
- Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, линк до документот https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_ednoopshtestvo_29.10.2019.pdf
- Национална стратегија за унапредување на менталното здравје на Република Северна Македонија, линк до документот http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/strategija-za-MZ-2018-2025-170718-pf-1.pdf
- Европската стратегија за млади 2019 – 2027 (EU Youth Strategy 2019 – 2027), 2018/C 456/01, линк до документот https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=OJ:C:2018:456:FULL&from=EN
- Цели за одржлив развој на Обединетите Нации, линк до документот https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs
- Европски младински цели (EU Youth Goals), линк до документот https://youth-goals.eu/wp-content/uploads/European-Youth-Goals_MKD.pdf
- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2022 - 2024, линк до документот http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programa_na_vladata_2022-2024.pdf
- Програма за работа на Општина Струмица, линк до документот https://strumica.gov.mk/
- Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година, линк до документот https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf